новo срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година V. бр. 170. Дата: 01. 04. 2013.

# 1-ви Април, ден на лагата

*„Веќе не треба ни да помислите да лажете, туку да ја зборувате само вистината, бидејќи сме органи на едно исто тело.“* **(Ефесјани 4:25)**



Една стара и многу позната приказна, зборува за едно младо овчарче кое секојдневно си ги пасело овците на ридот кој се наоѓал веднаш над селото. Момчето било мајтапчија, а и му било многу досадно, па решил да се пошегува на сметка на селаните.

Токму на зајдисонце, тој се исправил и почнал на цел глас да вика: „Волци, волци, помагајте селани, жив ќе ме изедат“.

Селаните го слушнале овчарчето како вика на помош и веднаш притрчале да го спасат од крволочните волци; кој со пушка, кој со вила или стап, за пет минути се нашле пред овчарчето. А тоа, кога ги здогледало со испружен јазик и облеани со пот, почнало на глас да се смее и да коментира: а бре селани, колку малку ми требаше да ве прелажам, ама барем слатко ме изнасмеавте и ми помогнавте да ја истерам досадата.

Селаните многу се налутиле на ваквиот несериозен мајтап, ама што да се прави; со намуртени лица се свртиле назад и си се вратиле во селото.

Следната вечер, на овчарчето повторно му било досадно и пак ја повторил истата „драма“. И овој пат, некои од селаните наседнале на неговата лага.

Но, третата вечер, навистина се појавила една глутница волци; кога го нападнале стадото, момчето повторно почало да ги повикува селаните на помош, но сега веќе никој не му верувал. Сите мислеле дека овчарчето повторно си бие шега со нив, па затоа никој не се решил да се одзове на повикот. Така, заради своите лаги, овчарчето ја изгубило довербата, но и повеќе од тоа; го изгубило целото свое стадо со овци.



Оваа приказна, иако звучи како детска, носи важна лекција за лагата; кога често лажеме, луѓето ја губат довербата во нас. Па, кога навистина ќе ни треба помош, нема да ја добиеме, токму од таа причина. Токму затоа, една македонска поговорка вели: „На лагата ѝ се кратки нозете“.
Со други зборови, порано или подоцна, лагата ќе се открие.

Апостол Павле нагласува дека христијаните, не треба ни да помислуваат да лажат; тој објаснува дека треба да го напуштиме стариот начин на живеење (старите навики) и да се однесуваме како луѓе чиј што карактер треба да е сличен на Божјиот. Во свет, во кој што лагата се смета за доблест и каде што постои дури и „ден на лагата“, ние треба да покажеме дека сеуште постојат луѓе кои се искрени, чесни и кои ја кажуват вистината.

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com